Семејно и домашно насилство - како можеме да помогнеме

Јавете се на 000 ако сте во непосредна опасност

Што е семејно и домашно насилство

Семејно и домашно насилство е секое однесување што е насилничко, заканувачко, жестоко или контролирачко, или кое предизвикува некој да биде исплашен/исплашена.

Како можеме да помогнеме

Ако вие или некој кого познавате е изложен на семејно и домашно насилство, ние можеме да помогнеме со исплати и услуги. Исто така може да разговарате со социјален работник.

Ние ќе провериме дали добивате некоја наша исплата, како што се исплата за поддршка на приходи (income support payment) или Crisis Payment.

Останете безбедни кога се разделувате

Ако планирате да прекинете некоја врска, важно е да се заштити вашата приватност и да се осигури дека вашите податоци се безбедни.

Кога се разделувате, следете ги овие важни чекори кои ќе помогнат вие и вашите лични податоци да останат безбедни.

1. **Променете ги вашите passwords (лозинки) и personal identification numbers – PINs (лични броеви за идентификација)**

Не пропуштајте да ги промените сите лозинки и лични броеви за идентификација (PINs) за вашата myGov и секоја друга онлајн сметка. Одберете различни лозинки или passphrases (реченици-лозинки) кои луѓето тешко би можеле да ги претпостават. Тоа ќе обезбеди дека само вие имате пристап. Заради заштита на вашите податоци може да побарате повеќе лозинки за вашите записи.

2. **Проверете ги вашите аранжмани за застапување**

Ако некој ви помага околу Centrelink, Medicare или Child Support, треба да процените дали тој аранжман е сé уште безбеден. Ако чувствувате дека тој аранжман може да ве изложи на ризик, јавете нѝ се за аранжманот да биде променет или откажан, за другото лице да нема пристап до вашите информации.

3. **Ажурирајте го кај нас вашиот relationship status (статус на врската)**

Пред да ажурирате кој било личен податок, треба да се јавите поединечно на Medicare, Centrelink и Child Support и да побарате од нас да ја раздвоиме вашата документација и да ги ажурираме податоците за вашата врска. Тоа е со цел вашиот бивш партнер да не може да ги види вашите нови податоци. Откако сме ја раздвоиле вашата документација, може да побарате да ги ажурираме вашите лични податоци, како што се телефонскиот број или адресата.

4. **Вашето име и имињата на вашите деца или штитеници префрлете ги на нова Medicare картичка**

Пред да ажурирате кај Medicare кој и да е ваш личен податок, вашето име и имињата на вашите деца или dependents (лица за кои сте одговорни) треба да ги префрлите на нова Medicare картичка. Тоа е за да се спречи некој да ги види вашите нови податоци за контакт, новата адреса и која било услуга што вие и вашите деца ја користите.

5. **Ажурирајте ја вашата Medicare Safety Net регистрација**

За да спречите ние да го известуваме номинираното лице за контакт за вашето семејство за промената на вашите податоци, вашиот бивш партнер или член на семејството треба да го отстраните од вашата Medicare Safety Net регистрација.

6. **Проверете дали вие, вашите деца или dependents имаат My Health Record и кој има пристап до него**

Ако вие, вашите деца или dependents имаат My Health Record, тој може да содржи податоци за контакт како што е вашата адреса. Ако тоа би можело да претставува ризик за вашето семејство, јавете се на линијата за помош на My Health Record на **1800 723 471**.

7. **Проверете дали е сигурна сметката во банка на ваше име**

За вашите пари да бидат безбедни, вашата сметка во банка треба да биде само на ваше име. Ако сакате вашите исплати да ги праќаме на таа сметка, треба податоците на вашата сметка во банка да ги промените поединечно во Medicare, во Centrelink и во Child Support.

Ако немате сигурна и безбедна сметка во банка само на ваше име, ве молиме да нѝ се јавите и ние ќе побараме други можности, како што е Electronic Benefit Transfer card.

8. **Проверете дали ги имате со себе вашите документи за лична идентификација**

За да добиете некоја исплата или услуга, може да ви побараме документи за лична идентификација. Тоа може да биде возачка дозвола, извод од матичната книга на родените, пасош, ImmiCard, банковна картичка или myID.

Можеме да ви помогнеме дури и ако ги немате вашите документи за идентификација. Јавете нѝ се и ние ќе соработуваме со вас за да најдеме други можности.

За повеќе информации

- Одете на **servicesaustralia.gov.au/domesticviolence** или на **servicesaustralia.gov.au/keepinformationsafe** за информации на англиски.
- Одете на **servicesaustralia.gov.au/yourlanguage** каде може да читате, слушате или гледате информации на вашиот јазик.
- Јавете се на **131 202** за да разговарате со нас на вашиот јазик за исплатите и услугите на Centrelink.
- Јавете нѝ се на **132 011** за Medicare и Medicare Safety Net. Речете нѝ ако ви треба преведувач и ние ќе ви го обезбедиме бесплатно.
- За Child Support јавете се на **131 272**. Речете нѝ ако ви треба преведувач и ние ќе ви го обезбедиме бесплатно
- Посетете центар за услуги.

Ако ви треба помош за да ги разберете информациите за вашите исплати и услуги, достапни се многу можности. Може да нé прашате кога разговарате со нас.

Помош на други места

Има и други места каде може да добиете помош со советување, поддршка и совети.

За советување и поддршка 24 часа дневно, 7 дена во неделата, јавете се на 1800RESPECT на **1800 737 732**. Може да побарате преведувач.

Leaving Violence Program дава финансиска и друга помош на лицата кои се разделуваат од насилен партнер. За повеќе информации јавете се на **1800 253 283** и побарајте преведувач, или одете на **leavingviolenceprogram.org.au/resources-other-languages**

Оградување

Информациите во оваа публикација се само водич за исплати и услуги. Ваша одговорност е да одлучите дали сакате да побарате исплата и да поднесете апликација, земајќи ги предвид вашите конкретни околности.

Family and domestic violence – how we can help

Call 000 if you are in immediate danger

What is family and domestic violence

Family and domestic violence is any behaviour that is violent, threatening, forceful or controlling, or makes a person feel scared.

How we can help

If you or someone you know is affected by family and domestic violence, we can help with payments and services. You can also speak with a social worker.

We will check if you can get a payment from us, such as an income support payment or Crisis Payment.

Stay safe when separating

If you are planning to end a relationship it is important to protect your privacy and make sure your information is safe.

Follow these important steps when separating to help keep you and your personal information safe.

1. Change your passwords and personal identification numbers (PINs)

Make sure you change any passwords and personal identification numbers (PINs) for your myGov and any other online accounts. Choose different passwords or passphrases that are hard for people to guess. This will make sure only you have access. You can also ask for more passwords on your records to protect your information.

2. Check your acting arrangements

If you have someone helping you with Centrelink, Medicare or Child Support, you need to consider if this arrangement is still safe. If you feel this arrangement could put you at risk, call us to change or end the arrangement so the other person cannot access your information.

3. Update your relationship status with us

Before you update any personal information you will need to call Medicare, Centrelink and Child Support separately and ask us to separate your records and update your relationship details. This is so your ex-partner can’t see your new details. After we have separated your records, you can ask us to update your personal information like your phone number or address.

4. Transfer yourself and your children or dependents to a new Medicare card

Before you update any of your personal details with Medicare you need to transfer yourself and your children or dependents to a new Medicare card. This is to stop anyone seeing your new contact details, new address and any services you and your children use.

5. Update your Medicare Safety Net registration

To stop us notifying the nominated contact person for your family about the change in your details you will need to remove your ex-partner or family member from your Medicare Safety Net registration.

6. Check if you, your children or dependants have a My Health Record and who can access it

If you, your child or dependants have a My Health Record it may contain contact details, such as your address. If this could put your family at risk, call the My Health Record Help line on **1800 723 471**.

7. Make sure you have a secure bank account in your name

To keep your money safe, you should have a bank account in your name only. If you want us to send your payments to that account, you need to change your bank account details separately with Medicare, Centrelink and Child Support.

If you do not have a safe and secure bank account in your name only, please contact us and we can look at other options, such as Electronic Benefit Transfer card.

8. Make sure you have your personal identity documents

To get a payment or service we may ask for your personal identity documents. This could include your driver licence, birth certificate, passport, ImmiCard, bank card or myID.

If you do not have your identity documents we can still help you. Call us and we will work with you to find other options.

For more information

- Go to **servicesaustralia.gov.au/domesticviolence** or **servicesaustralia.gov.au/keepinformationsafe** for information in English.
- Go to **servicesaustralia.gov.au/yourlanguage** where you can read, listen to or watch information in your language.
- Call **131 202** to speak with us in your language about Centrelink payments and services.
- Call us about Medicare and Medicare Safety Net on **132 011.** Let us know if you need an interpreter and we will arrange one for free.
- Call Child Support on **131 272**. Let us know if you need an interpreter and we will arrange one for free
- Visit a service centre.

If you need help to understand information about our payments and services, there are many options available. You can ask us when you talk to us.

Help from other places

There are other places that can help you with counselling, support and advice.

For counselling and support 24 hours a day, 7 days a week, call 1800RESPECT on **1800 737 732**. You can ask for an interpreter.

The Leaving Violence Program gives financial and other help to people leaving a violent partner. For more information call **1800 253 283** and ask for an interpreter, or go to **leavingviolenceprogram.org.au/resources-other-languages**

Disclaimer

The information contained in this publication is intended only as a guide to payments and services. It's your responsibility to decide if you wish to apply for a payment and to make an application with regard to your particular circumstances.